**ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО КАНДИДАТИТЕ**

**ПРИЈАВЕНИ ПО ЈАВНИОТ ОГЛАС 6/2021**

Врз основа на член 30 став 12 од Законот за јавнообвинителска служба ("Службен весник на РМ" број 62 од 20.04.2015 година), се известуваат кандидатите кои ја поминаа административната селекција на јавниот оглас број 6/2021 за вработување на неопределено време, дека во просториите на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на бул."Кеј Димитар Влахов" бр.23 Скопје, ќе се одржи полагање на испитот за јавнообвинителски службеници и тоа:

- **За кандидатите кои поднеле пријава за вработување во ЈОРСМ, ВЈО Гостивар и основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје и ВЈО Гостивар на 31.1.2022 година во 10:00 часот.**

- **За кандидатите кои поднеле пријава за вработување во ВЈО Штип и основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Штип и ВЈО Битола на 1.2.2022 година во 11:00 часот.**

Согласно чл 30 ст 13 од Законот за јавнообвинителска служба најмногу (10) десет пати повеќе кандидати од бројот на работните места за кои се спроведува постапката, а кои биле најдобро рангирани на листата од административна селекција, преминуваат во следната фаза на селекција, а тоа е испит за јавнообвинителски службеник. Тоа значи дека постапката завршува за кандидатите кои се под 10 место, односно под црвената линија. Испитот за јавнообвинителски службеник, се состои од два дела и тоа општ и стручен дел. Прашањата се јавно достапни и објавени на веб страницата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Кандидатите кои аплицираат за повеќе места ќе добијат толку тестови за колку што работни места аплицирале, согласно категориите на работните места.

**Задолжително е кандидатите да носат документ за лична идентификација и заштитна маска.**